Фабрика за заварени ... 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво
Бр. 02-5387
26.12.2016 год.

Република Македонија ОДУ 1072 / 16 ИЗВОД
Нотар ЈОРДАНКА МИТЕВСКА
За подрачје на Основен суд Куманово
Куманово, ул. Доне Божинов 18
23.12 .2016 (дваесетитрети дванаесети, двеилјадии шеснаесета година)
12, оо час

Јас Нотар Јорданка Митевска со службено седиште во Куманово на ул.Доне Божинов бр.18, нотар за подрачје на Основен суд Куманово, денес на 23.12.2016 (дваесетитрети дванаесети, двеилјадии шеснаесета година) , на писмена Покана од ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово ( прилог кон записникот) од лицето овластено за застапување на Акционерско Друштво Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ АД Куманово со седиште во Куманово ул. 11 Ноември бр. 87А, со ЕМБС 4028201, присуствував на седница на акционерите на Друштвото која се одржа на денешен ден во седиште на Друштвото, со почеток во 12 ( дванаесет) часот, при што согласно член 71 од од Законот за нотаријатот и член 407 во врска со член 383 став 3 од Законот за трговските друштва ( Сл.Весник на РМ бр. 28/2004) го составив следниот --------------------------------------------------------------------------------

## З А П И С Н И К ОД РЕДОВНО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ НА ФАБРИКА ЗА ЗАВАРЕНИ ЦЕВКИ И ПРОФИЛИ 11 ОКТОМВРИ АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО КУМАНОВО

--------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнивање на Собранието ми беа предочени : ---------------------------------------
1.Тековна состојба на друштвото издадена од Централен регистар на Р. Македонија Трговски регистар И регистар на други правни лица издадена под број 0805-50/151020160007825 од 20.12.2016 год од која утврдив дека Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ АД Куманово со седиште во Куманово ул. 11 Ноември бр. 87А, со ЕМБС 4028201 е запишано во Трговски Регистар на Централен Регистар на Р. Македонија - (прилог кон овој записник)-----------------------
2.Акционерска книга на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ АД Куманово , која во електронска форма -ЦД е прилог кон овој записник ---------------
3. Јавен повик објавен во дневен весник -Утрински Весник- од 22.Ноември 2016 година (прилог кон овој записник ) ------------------------------------------------------------
4. Список на присутни акционери и застапници на акционери со број на акции ( прилог кон овој записник). ------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------
Седницата ја отвори Г-дин ТОДОРОВСКИ СЛОБОДАН од Куманово ул. Тоде Думба бр. 86/8, роден на 29.12.1954 год во Куманово , чиј идентитет го утврдив од ЛК бр.А1046975 издадена од МВР Куманово на 08.06.2011 год., кој е председавал на последната седница на Собранието на акционери , и истакна: -----------------------------

-Почитувани акционери, полномошници на акционери и членови на Одбор на директори на Акционерското друштво Фабрика за заварени цевки и профили 11 Октомври-Куманово, Ве поздравувам и Ви пожелувам успешна работа на оваа седница на Собрание на акционери.---------------------------------------------------------------

-Врз основа на член 383, 384 и 387 од Законот за трговски друштва и член 60 од Статутот на Фабриката, Одборот на директори на својата 20 седница одржана на 16.11.2016 година донесе Одлука за свикување на седница на Собранието на

акционери со закажан термин за 23.12.2016 година во 12,оо часот во просториите на Фабриката. ----------------------------------------------------------------------------------------------------

-Со оглед дека Собранието, согласно член 383 став 1 од Законот за трговски друштва одлучува само за прашања изричито определени со овој Закон и утврдени во дневниот ред за свикување на Собранието, дозволете да Ви го прочитам јавниот повик и денешниот ред кој беше објавен на официјалната интернет страница на Акционерското друштво и во дневен весник Утрински весник на 22.11.2016 година . По читање на јавниот повик го предложи објавениот: -------------------------------------------

ДНЕВЕН РЕД

I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ --------------------------------------------------------------------

1. Верификација на списокот на присутни акционери односно нивни полномошници
2. Утврдување на кворум за работа и одлучување-------------------------------------------
3. Избор на бројачи на гласови ---------------------------------------------------------------
- Записникот ке го води Нотар -------------------------------------------------------------

II. РАБОТЕН ДЕЛ ------------------------------------------------------------------------------

1. Избор на председавач на Собрание на акционери ------------------------------------------
2. Разгледување и усвојување на годишна сметка, финансиски извештаи и годишен извештај за работата на друштвото за деловната 2015 година и извештај за независни ревизори и донесување на одлука -------------------------------------------------
3. Донесување на одлука за покривање на загуба по годишната сметка и финансиските извештаи за 2015 година ---------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

По утврдување на дневниот ред се премина на работа по дневниот ред од процедуралниот дел . -------------------------------------------------------------------------------

**1. Верификација на списокот на присутни акционери односно нивни полномошници**

Претседавачот на Собранието истакна : -Согласно податоците кои ги добив од стручната служба во врска со верификација на списокот на присутните акционери односно нивни полномошници , ја верификував следната состојба : ---------------------

Од вкупно 491.000 акции со право на глас присутни се 292.952 акции со право на глас или 59,66 %, претставувани од 8 акционери или полномошници на акционери.

Списокот е потпишан од сите присутну акционери и полномошници на акционери на оваа собрание, со што истиот е верифициран . -------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

**2. Утврдување на кворум за работа и одлучување** ------------------------------------------

Бидејки согласно член 383 став 1 од Законот за трговски друштва Собранието може да одлучува само по прашања утврдени во дневниот ред, претседавачот објави дека има кворум за работа и одлучување на денешното Собрание. ------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

**3.Избор на бројачи на гласови** -----------------------------------------------------------------

Претседавачот истакна дека е потребно да се изберат два бројачи на гласови заради олеснување на работата на Собранието, а воедно и заради регуларноста при гласањето. Отвори расправа и ги повика присутните да дадат предлог за бројачи на гласови. Предложени се Антевска Лидија и Шаботиќ Марина.------------------------------

Гласањето е поединечно за секој кандидат , по редослед на предлагањето. -------------

Предлогот Лидија Антевска да биде избрана за бројач на гласови се става на гласање. ----------------------------------------------------------------------------------------------

-ЗА гласале 292.952 акции со право на глас ---------------------------------------------

- ПРОТИВ гласале 0 акции со право на глас и ------------------------------------------

Претседавачот константира дека едногласно со 292.952 гласа ЗА за бројач на гласови е избрана Антевска Лидија .------------------------------------------------------------
Вториот предлог Шаботиќ Марина да биде избрана за бројач на гласовисе става на гласање. ---------------------------------------------------------------------------------------------

-ЗА гласале 292.952 акции со право на глас ----------------------------------------------
- ПРОТИВ гласале 0 акции со право на глас и -------------------------------------------
- <u>ВОЗДРЖАНИ</u> гласале 0 акции со право на глас ----------------------------------------

Претседавачот константира дека едногласно со 292.952 гласа ЗА за бројач на гласови е избрана Шаботиќ Марина . -----------------------------------------------------------
Претседавачот константира дека Собранието едногласно со 292.952 гласа ЗА донесе Одлука за избор Антевска Лидија и Шаботиќ Марина за бројачи на гласови на денешното Собрание ---------------------------------------------------------------------------
- Записникот ке го води Нотар Г-ѓа Јорданка Митевска --------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------
Пред да се помине на работата по дневниот ред од работниот дел, согласно член 400 од Законот за трговски друштва, Претседавачот предложи Собранието да донесе одлука гласањето по сите точки од дневниот ред да биде јавно. Предлогот го стави на гласање.

-ЗА гласале 292.952 акции со право на глас ----------------------------------------------
- ПРОТИВ гласале 0 акции со право на глас и -------------------------------------------
- <u>ВОЗДРЖАНИ</u> гласале 0 акции со право на глас ----------------------------------------

Претседавачот константира дека Собранието едногласно со 292.952 гласа ЗА го усвои предлогот гласањето по сите точки од дневниот ред да биде јавно и воедно заклучи дека е определен начинот на гласањето---------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------

**1. Избор на председавач на Собрание на акционери**

Согласно член 395 став 2 од Законот за трговски друштва, Претседавачот на Собранието се избира за секое оделно Собрание. ---------------------------------------------
Акционерот Зафировски Светислав за претседавач на денешното Собрание го предложи Тодоровски Слободан. Други предлози нема . Предлогот Тодоровски Слободан да биде избран за Претседавач на денешното Собрани се става на гласање: -------------------------------------------------------------------------------------------------

-ЗА гласале 292.952 акции со право на глас ----------------------------------------------
- ПРОТИВ гласале 0 акции со право на глас и -------------------------------------------
- <u>ВОЗДРЖАНИ</u> гласале 0 акции со право на глас ----------------------------------------

Претседавачот константира дека Собранието едногласно со 292.952 гласа ЗА, донесе Одлука за избор на Слободан Тодоровски за Претседавач на денешното Собрание . -------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот Слободан Тодоровски се заблагодари на довербата --------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------

**2. Разгледување и усвојување на годишна сметка, финансиски извештаи и годишен извештај за работата на друштвото за деловната 2015 година и извештај за независни ревизори и донесување на одлука** ---------------------------------------------------

Претседавачот истакна дека материјалите по оваа точка од дневнот ред беа објавени на официјалната интернет страница на Фабриката заради достапност на сите акционери за проучување и запознавање со истите. -------------------------------------
Претседавачот отвори расправа . ----------------------------------------------------------------------
За збор се јави Нацевски Војчо , извршен директор на фабриката, кој истакна:

-Во првиот квартал од 2015 година, мнозинскиот акционер во ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово, Експорт Импорт Банка АД Скопје – во стечај, ја прифати понудата за преземање согласно потпишан Договор со преземачот Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Увоз-Извоз Куманово, од спроведено јавно надавање, а врз основа на претходно објавен Оглас за продажба на акции. ----------------------------------------

Комисијата за хартии од вредност ја утврди за успешна понудата за преземање на акции, издадени од ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово, дадена од Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Увоз-Извоз Куманово. ---------------------------------------------

Примарна цел на преземачот беше, пред се, враќање на пазарите на кои Компанијата веќе била присутна во минатото, како и освојување нови пазари, проширување на асортиман на производи, намалување на трошоците во производство и подобрување на работните процеси, зголемување на рентабилноста и конкурентноста со цел зголемување на приходите и профитот на самото друштво. -----------------------------------------------------------------

Сето тоа би довело до јакнење на финансиската кондиција на ФЗЦ 11 Октомври, со истовремено репрограмирање на постојните обврски под поповолни услови, со што би се овозможило редовно сервисирање на сите достасани обврски. --------------------------------------

Се очекува, долгорочно, поуспешно работење на друштвото и истото би се рефлектирало на вредноста на самото друштво. --------------------------------------------------------------------------

Денес ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово претставува гигант не само на овие простори туку и многу пошироко, со препознатливи производи од признаен квалитет према најновите национални, европски и светски стандарди (DIN, BS, NF, UNI, GOST, EN, ISO, API, ASTM и.т.н.). ---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Иако најголемиот дел од производите се извозно ориентирани на пазарите во Западна Европа, во последната деценија во услови на големи политички, економски и социјални промени и трансформации, како и воени кризи и конфликти, Фабриката успеа не само да го задржи стекнатото реноме, туку и да постигне значителни резултати во обезбедување со квалитет, што се огледа во бројни сертификати од реномирани контролни институции ( ISO 9001, API, TUF, U. BIREAU VERITAS, Germanischer Lloyd и.т.н.). ---------------------------------------------------------------

Како многу години порано така и во деловната 2015 година Фабриката работеше во услови на неповолна економска и политичка состојба и неповолни услови на стопанисување во земјата и регионот кој не опкружува. Сите овие години Фабриката се движеше по пат исполнет со низа турбуленции. На тој пат имаше подеми но и тешки моменти на опстојување кои беа последица на надворешни влијанија, кои не можеа да се избегнат, како распадот на поранешната држава, блокадата од Грција, општата економска состојба во транзициskiot период и во последно време глобалната криза. ----------------------------------------

Соочени со реалната состојба, во која шеста година по ред се најде Фабриката, само можеме да констатираме дека светската економска криза која во текот на 2009 година направи вистинска хаварија врз светската економија и светското стопанство, од што не беа поштедени ни најразвиените и најбогатите земји во светот, продолжи и во текот на наредните години. ------------------------------------------------------------------------------------------------

Македонските компании кои се дел од челичната и металопреработувачката индустрија, каде припаѓа и Фабриката, во текот на последниве години во голем дел беа зафатени од светската економска криза. --------------------------------------------------------------------------------

Гранките од овој Сектор, како еден од основните столбови на македонската економија и главни носители на економскиот раст во Р. Македонија, со високо учество во вкупниот Бруто Општествен Производ (БОП), во новосоздадената вредност, во вкупниот извоз и во вкупниот број на вработени во државата, последниве години беа најпогодени од рецесијата во развиените земји бидејќи најголем дел од нивното производство оди на тамошните пазари. ------------------------------------------------------------------------------------------------------------

И покрај улогата што Секторот производство и преработувачка на челик и челични производи ја има во секоја национална економија, тој истовремено е и прв на удар на сите светски економски збиднувања. ----------------------------------------------------------------------------

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
ЈОРДАНКА
[illegible]
КУМАНОВО

Европската економија, од која зависат извозните резултати на македонските компании, во текот на изминативе неколку години се соочи со големи финансиски проблеми кај некои нејзини членки, Италија, Шпанија, Португалија, Ирска, Грција и други. Сето тоа во голем дел влијаеше врз намалување на нарачките кај нашите трговски партнери и пад на производството во одделни сектори на металопреработувачката индустрија во Македонија. Ако во текот на изминативе години САД и Европа тешко се справуваат со кризата и покрај огромните средства што ги потрошија за заздравување на своите економии, тогаш што можеме да очекуваме од металската индустрија во Македонија чии главни негативни карактеристики, кои се однесуваат и на Фабриката се: ---------------------------------------------

1. Суровинска зависност од увоз ----------------------------------------------------------------
2. Релативно застарена опрема и пониска продуктивност --------------------------------
3. Ретки нови инвестиции и недоволно инвестирање во модернизација на опремата и пред се ---------------------------------------------------------------------------------------------------
4. Големо влијание на глобалните пазарни движења поради зависноста од увоз и претежната извозна ориентираност ---------------------------------------------------------------------

Сето ова кажува дека мора многу повеќе да се работи на надминување на слабостите во металопреработувачката индустрија за да истата се издигне на повисоко ниво. --------------
Европската Унија која не може да се справи со криза кај некои нејзини членки, кои не се во состојба да ги отплаќаат своите долгови, сé повеќе се оддалечува од земјите на Балканот. Цела Европа е во рецесија а кризата во стопанството на Р. Македонија сé повеќе се продлабочува што се гледа од намалената искористеност на производните капацитети во неколкуте изминати години што пак е карактеристично и за целиот регион на Балканот кој ги трпи последиците од европската криза, и му претстои долг пат на опоравување од истата. Ако се осврнеме на Компаниите од нашето опкружување со кои соработуваме или се дел од челичната и металопреработувачката индустрија, можеме да кажеме дека и тие во текот на изминативе години во голем дел беа зафатени од светската економска криза. -----------------
Генерално земено 2015 година измина во криза и неликвидност. ------------------------------------
Што се однесува до Фабриката можеме да констатираме дека по неколку години голема криза и борба за опстанок, сега, по преземањето на фабриката од страна на мнозинскиот акционер, истата повторно се врати на она што и е примарна дејност, производство и продажба на заварени цевки и профили. -----------------------------------------------------------------
Во однос на политиката на вложувања за одржување и за подршка на успешноста во работењето на друштвото можеме да кажеме дека во текот на 2015 година Фабриката има вложено 500.659,00 денари. Поголем дел од овој износ е вложен во набавка на опрема за редовно одржување и нормално одвивање на процесот на производство. -----------------------
Со оглед на повеќегодишните неповолни услови на стопанисување во земјата и нашето опкружување, кога оствареното производство и реализација се на граница на опстанок на Фабриката, не постои економска и пред се финансиска можност за поголеми вложувања во доопремување и модернизација на процесот на производството. ------------------------------------
За разлика од изминативе години кога Фабриката во најголем дел работеше со сопствени извори на средства, последниве години, поради потешкотии во одржување на ликвидноста приморани сме да работиме и со краткорочни и долгорочни задолжувања. ---------------------
Потребите за набавка на основниот репроматеријал ги покрива деловната банка со издавање плативи гаранции на основ хипотека дадена на дел од основни средства за одобрен рамковен кредит од цирка 9.000.000 ЕВРА. -----------------------------------------------------------------
Што се однесува до политиката на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина можеме да кажеме дека Фабриката, заради одржување на ликвидноста и набавка на основен репроматеријал има и долгорочни задолжувања. -------------------------------------------
Мнозинскиот акционер на Фабриката прави максимални напори политиката на управување со ризик да биде сведена на најмала можна мерка. Во прилог на ова е фактот што сите поголеми зделки Фабриката ги решава во директна врска со нашите партнери а зделките со заинтересирана страна преку наше учество како кооперант со други учесници на тендери во државата и надвор од државата. ---------------------------------------------------------------------------

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ОСНОВНИ ПОКАЗАТЕЛИ ВО ФИЗИЧКИ ОБЕМ

| | | 2014 год | 2015 год | индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1.Остварено производство | - | 4.410 тони | 10.962 тони | 249 |
| 2.Остварена реализација | - | 5.886 тони | 5.623 тони | 96 |
| Од тоа : Извоз | - | 4.372 тони | 3.312 тони | 76 |
| Домашен пазар | - | 1.514 тони | 2.311 тони | 153 |
| 3.Работна сила | - | 805 | 707 | 88 |
| 4.Продуктивност на трудот | - | 5,5 | 15,5 | 282 |

Оствареното производство во 2015 година во однос на истото од 2014 година е зголемено за 149 %. По неколкуте релативно добри години со произведени 50.000 тони цевки и профили во 2007 година и 35.000 тони во 2008 година, последниве години производството постојано опаѓаше, но во 2015 година, по преземањето на фабриката од страна на мнозинскиот акционер, истото пакажа зголемување. -------------------------------------------------------------------

Со оствареното производство во деловната 2015 година, ангажираноста на производните капацитети е зголемена, што пак во најголем дел е условено од побарувачката на пазарот за комерцијална програма на производите од РЕ ВЦП, од однапред склучените договори за испорака на цевки и профили од РЕ ВСЦП, и тоа во најголем дел за Европскиот пазар, но се повеќе и за земјите од поранешни ЈУ простори каде се отвараат нови работи, како и од нашето учество на одредени проекти за асортиманот на производи од РЕ ВНЗЦ, но сето тоа во крајна линија условено и од можноста за набавка на потребниот репроматеријал.----

РЕ ВЦП со остварено производство од 6.741 тон, РЕ ВНЗЦ со 423 тони и РЕ ВСЦП со производство од 3.798 тони, по покривање на своите трошоци и заедничките трошоци на непроизводните работни единици, во текот на 2015 година работеа на релативно ниска скала од прагот на рентабилноста. --------------------------------------------------------------------------

Погледнато по Работни единици во вкупно остварено производство од 10.962 тони РЕ ВЦП учествува со 61 %, РЕ ВНЗЦ со 4 % и РЕ ВСЦП со 35 %. ---------------------------------------------

Производството во РЕ ВЦП во 2015 година во однос на 2014 година е зголемено за 206 %, а во РЕ ВНЗЦ зголемено за 63 %. Во РЕ ВСЦП каде повеќе години наназад производството беше стабилно со тенденција на постојано зголемување, последниве години бележи голем пад. Но во 2015 година производството во ова РЕ е зголемено за 95 % во однос на оствареното во 2014 година. Производите од оваа РЕ се наменети за познати купувачи по однапред склучени договори и тоа во најголем дел за земјите од Европската Унија од каде што побарувачката во текот на изминативе неколку години, поради светската економска криза беше многу намалена. --------------------------------------------------------------------------------

## ОСТВАРЕНО ПРОИЗВОДСТВО ПО КВАРТАЛИ ВО ТЕКОТ НА 2015 ВО ОДНОС НА 2014 ГОДИНА

| | 2014 | | 2015 | | |
|---|---|---|---|---|---|
| квартал | тони | % | Тони | % | Индекс |
| I | 1.453 | 33 | 295 | 3 | 20 |
| I I | 1.411 | 32 | 1.022 | 9 | 72 |
| I I I | 996 | 23 | 2.657 | 24 | 267 |
| IV | 550 | 12 | 6.988 | 64 | 1.270 |
| **ВКУПНО :** | **4.410** | **100** | **10.962** | **100** | **249** |

Доколку го анализираме оствареното производство по квартали во текот на 2015 година ќе забележиме дека во првиот квартал е остварено производство од 3 %, во вториот квартал 9 %, во третиот квартал 24 % и во четвртиот квартал 64 %. ---------------------------------------------

Оствареното производство во четвртиот квартал од 6.988 тони цевки и профили е зголемено за 1.170 % во однос на истиот квартал од 2014 година.----------------------------------

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во НОТАР ЈОВАНКА МИТЕВСКА КУМАНОВО

Остварената продуктивност на трудот во текот на 2015 година изнесува 15,5 тони цевки и профили по работник и во споредба со 2014 година истата е зголемена за 182 %.

**ОСТВАРЕНА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО РЕ ЗА 2015 ГОДИНА ВО ОДНОС НА 2014 ГОДИНА Е СЛЕДНОВО:**

| Ред Бр. | Р.Е | 2014 год. | | 2015 год. | | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | тони | % на учество | тони | % на учество | |
| 1 | ВЦП | 2.612 | 45 | 3.081 | 55 | 118 |
| 2 | ВНЗЦ | 241 | 4 | 68 | 1 | 28 |
| 3 | ВСЦП | 2.901 | 49 | 1.992 | 35 | 69 |
| 4 | ОТПАД | 132 | 2 | 482 | 9 | 365 |
| | **ВКУПНО** | **5.886** | **100** | **5.623** | **100** | **96** |

Во вкупно остварената реализација во 2015 година производите од РЕ ВЦП учествуваат со 55 %, РЕ ВНЗЦ со 1 %, РЕ ВСЦП со 35 % и отпад со 9 %.

**ОСТВАРЕНА РЕАЛИЗАЦИЈА ВО 2015 ВО ОДНОС НА 2014 ГОДИНА**

| | 2014 | | 2015 | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | тони | % | тони | % | Индекс |
| Извоз | 4.372 | 74 | 3.312 | 59 | 76 |
| Домашен пазар | 1.514 | 26 | 2.311 | 41 | 153 |
| **Вкупна реализација** | **5.886** | **100** | **5.623** | **100** | **96** |

Во текот на деловната 2015 година Фабриката оствари реализација од 5.623 тони цевки и профили и е за 4 % пониска од остварената во 2014 година.-------------------------------------------

Во вкупно остварена реализација во 2015 година, продажба на странски пазар учествува со 59 % а на домашен пазар со 41 %. -------------------------------------------------------------------------

Во споредба со оствареното производство реализацијата е пониска за 41 % што значи дека во 2015 година е продадено дел од оствареното производство а останатото е се реализира во текот на деловната 2016 година. ---------------------------------------------------------------------------

Од вкупно остварена реализација во износ од 5.623 тони цевки и профили, 3.312 тони или 59 % се продадени на странскиот пазар а 2.311 тони или 41 % се продадени на домашен пазар.

Во споредба со 2014 година извозот е намален за 34 % а реализацијата на домашен пазар е зголемена за 53 %. -----------------------------------------------------------------------------------------------

Од извезените 3.312 тони цевки и профили, 2.054 тони или 62 % се извезени во земјите од Европската Унија а 1.258 тони или 38 % се извезени во поранешни ЈУ Републики. ------------

Извозот на цевки и профили во текот на 2015 година во однос на 2014 година покажува намалување за 34 % со промена во структура по одделни земји.------------------------------------

Најголем е извозот во Италија 27 %, Бугарија 22 %, Србија 16 %, Р.Хрватска 10 %, Германија 9 %, Словенија 6 % и други земји со помало учество во остварениот извоз. ---------

Зголемувањето од 819 % на извозот во Италија во 2015 година во однос на 2014, потврдува дека се враќаме на пазарите на кои што бевме порано присутни.-----------------------------------

На 31.12.2015 година залиха на готови производи изнесува 14.402 тони цевки и профили, од кои РЕ ВЦП 4.774 тони, РЕ ВНЗЦ 1.624 тони и РЕ ВСЦП 8.004 тони. -------------------------------

На 31.12.2015 година залиха на трака изнесува 2.518 тони и 352 тони лим. ------------------------

По изготвената годишна сметка Фабриката на крајот од 2015 година искажа загуба. ----------

Во деловната 2015 година Фабриката оствари вкупен приход во износ од 321.454.000,00 денари и во споредба со 2014 година приходите се намалени за 6 %.---------------------------------

Во структура на вкупниот приход најголемо е учеството на приходи од продажба со 77,61 %, и во однос на 2014 година истите се помали за 21 %.---------------------------------------------------

Во текот на деловната 2015 година остварени се расходи во износ од 879.486.000,00 денари и во споредба со 2014 година истите се поголеми за 47 %. ------------------------------------------------

Во однос на остварениот вкупен приход вкупните расходи се поголеми за 173 % и четврта година по ред Фабриката искажува загуба. ----------------------------------------------------------------

Во структура на вкупните расходи најголемо учество имаат трошоци за вредносно усогласување на тековни и нетековни средства со 41 %, потрошени суровини и други материјали со 39 %, вработени (бруто плата) со 22 %, амортизација учествува со 5 %, останати оперативни расходи со 4 %,набавна вредност на продадени стоки, материјали И услуги со 4%, финансиски расходи со 3 % и промена на залиха на готови производи и производство во тек со -18 %. --------------------------------------------------------------------------------

Потрошените суровини и материјали во 2015 година се поголеми за 63 % во однос на истите од 2014 година, што произлегува од зголемено производство за 149 %. ----------------------------

Бруто платите, кои се составен дел на цената на чинење на нашите производи и се надоместуваат од остварениот вкупен приход, во текот на 2015 година вкалкулирани се во износ од 198.295.000,00 денари и во однос на 2014 година се намалени за 14 %. -------------------

Амортизација на основни средства е извршена со примена на законски пропишани стапки и е пресметана во износ од 42.335.000,00 денари и како фиксен трошок во однос на 2014 година е поголема за 21 %. ---------------------------------------------------------------------------------

Останатите оперативни расходи во износ од 32.291.000,00 денари во 2015 година се поголеми за 115 % во однос на истите од 2014 година. Во структура на истите се останати трошоци од работење во кои спаѓаат останати нематеријални трошоци, трошоци за исхрана на работници, даноци и придонеси кои не зависат од резултатот, дневници за службени патувања, премии за осигурување, банкарски услуги и трошоци за платен промет, трошоци за репрезентација и др. ----------------------------------------------------------------------------------------

Набавната вредност на продадени стоки, материјали и услуги во износ од 33.096.000,00 денари во 2015 година се поголеми за 48% во однос на истите од 2014 година. -------------------

Финансиски расходи односно расходи по основ камати и курсни разлики остварени се во износ од 29.687.000,00 денари, со учество од 3 % во вкупните расходи и во однос на 2014 година се поголеми за 71 %. -------------------------------------------------------------------------------

Остварениот вкупен приход во износ од 321.454.000,00 денари не може да ги покрие вкупно остварените расходи во износ од 879.486.000,00 денари при што е остварена нето загуба во износ од 558.032.000,00 денар , и истата во најголем дел се должи на вредносно сведување на залихата на готови производи на реална вредност. ------------------------------------------------

Финансиската сигурност изнесува 34 % и секоја година опаѓа а споредено со 2014 година истата е намалена за 56 %. -------------------------------------------------------------------------------------

Степенот на покриеност на материјални и нематеријални вложувања со трајни и долгорочни извори изнесува 0,99 и во однос на 2014 година е понизок за 66 %. Во споредба со изминативе години овој показател покажува постојано намалување. --------------------------

Степенот на задолженост на Фабриката искажан преку односот на вкупниот долг и траен капитал во деловната 2015 година изнесува 186,79 и во однос на 2014 година задолженоста на Фабриката е зголемена за 574 %. ---------------------------------------------------------------------------

Степенот на задолженоста на Фабриката искажан преку учеството на вкупниот долг во вкупните средства за 2015 година е 64,37 и во однос на 2014 година задолженоста на фабриката преку овој показател е зголемена за 197 %. ------------------------------------------------

Од сите погоре анализирани показатели на финансиската стабилност се гледа дека во 2015 година Фабриката имаше проблеми со ликвидност што се гледа од фактот дека задолженоста на Фабриката е зголемена во однос на минатата година. ----------------------------

Како што рековме на почетокот од овој извештај, со преземањето на фабриката од страна на мнозинскиот акционер, Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Увоз-Извоз Куманово по неколку години криза и пад на производство и реализација, во

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР

втората половина на 2015 година дојде до зголемување на производство и реализација на цевки и профили што се гледа и од самата анализа на тие показатели во овој извештај.------
Само за пет месеци од 2016 година производството е поголемо за 23 % од оствареното производство во целата 2015 година, додека пак кај РЕ ВСЦП производството за 5 месеци е зголемено за повеќе од 100 % во однос на цела 2015 година во таа РЕ.-----------------------------
Сето тоа влијаеше и на финансиската стабилност на Фабриката па така по 4 години загуба, во првите 3 месеци од 2016 година Фабриката покажа позитивни финансиски резултати.
Се надеваме дека позитивниот тренд во работењето на Фабриката ќе продолжи и во текот на целата 2016
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Бидејки друг не се јави за збор, Претседавачот ја прочита Предлог-Одлуката и истата ја стави на гласање : ------------------------------------------------------------------------------

-ЗА гласале 292.952 акции со право на глас ---------------------------------------------------

- ПРОТИВ гласале 0 акции со право на глас и ---------------------------------------------

- ВОЗДРЖАНИ гласале 0 акции со право на глас ------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието едногласно со 292.952 гласа ЗА, донесе Одлука за усвојување на годишна сметка, финансиски извештаи и годишен извештај за работата на друштвото за деловната 2015 година и извештај за независни ревизори, во се како во Предлог-Одлуката ---------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**3.Донесување на одлука за покривање на загуба по годишната сметка и финансиските извештаи за 2015 година** ----------------------------------------------------------

Претседавачот истакна дека Собранието треба да донесе одлука за покривање на загуба по годишната сметка и финансиските извештаи за 2015 година. -----------------
Ја отвори расправата . Никој не се јави за збор . -----------------------------------------------
Претседавачот ја прочита Предлог-Одлуката и истата ја стави на гласање. -----------

-ЗА гласале 292.952 акции со право на глас ---------------------------------------------------

- ПРОТИВ гласале 0 акции со право на глас и ---------------------------------------------

- ВОЗДРЖАНИ гласале 0 акции со право на глас ------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието едногласно со 292.952 гласа ЗА, донесе Одлука за покривање на загуба по годишната сметка и финансиските извештаи за 2015 година, во се како во Предлог-Одлуката . --------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По третата точка од работниот дел на дневниот ред , Претседавачот констатира дека Собранието заврши во 12( дванаесет) часот и 50 ( педесет) минути ----------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој акт лично го составив и лично го прочитав на Претседавачот на Собранието и го предупредив на правните последици од ваква правна работа. -------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на овој нотарски акт во целост одговара на дејствија кои се случувале на седницата на Собранието ---------------------------------------
Овој нотарски акт е составен на девет страни од девет листа. На Претседавачот му се издадени два извода. Изворникот на нотарскиот акт се чува во моја архива ---
Нотарска такса по тарифа број 28 од Законот за судски такси во износ од 500 денари е наплатена . Нотарска награда во износ од 12.000 ден. и трошоци 810 ден. Согласно чл. 41, 52 и 54 од НТ -------------------------------------------------------------------------------------------------

Председавач на Собрание Тодоровски Слободан

ОДУ 1072/ 16
Куманово 23.12..2016 год. НОТАР Јорданка Митевска